**Прифаќање на гаранција**

*УСЦЗ член 448(1)* Банкарската гаранција ја прифаќа Централната управа на Царинската управа - Одделението за наплата на приходи, буџет, гаранции и анализи, при што со забелешка го одобрува барањето за прифаќање на банкарска гаранција дадено во Прилог А на ова Упатство. Со прифаќањето на гаранцијата истата се внесува во компјутерскиот систем и таа добива единствена царинска идентификација (Евидентен број на гаранција), кој ќе се користи во сите царински документи при електронска обработка. Овој број се внесува и на образецот на прифатената гаранција.

Одделението за наплата на приходи, буџет, гаранции и анализи ја прифаќа банкарската гаранција кога:
- гаранцијата е издадена од банка регистрирана во Република Македонија;
- гаранцијата е издадена во форма на образецот пропишан во прилог 60 на УСЦЗ;
- гаранцијата е целосно и правилно пополнета, потпишана и заверена од банката гарант;
- рокот на важност да не е пократок од 3 месеци, ниту пократок од рокот во кој тој долг може да настане, продолжен за 60 дена, односно продолжен за 90 дена при употреба на царински постапки со економски ефект.

Во спротивно барањето се одбива или отфрла.

По прифаќање на гаранцијата Одделението за наплата на приходи, буџет, гаранции и анализи, треба да провери дали банката ја издала предметната гаранција.

*УСЦЗ член 448 (2)* За сите прифатените банкарски гаранции, како и сите дневни промени по гаранциите Одделението за наплата на приходи, буџет, гаранции и анализи има обврска дневно по е-маил да ги известува сите шефови на царински испостави и на службите за надзор на иматели на одобренија (СНИО), Секторот за ИКТ, кој е надлежен да ги проследи податоците во МАКЦИС и Одделението за царински и даночни постапки.
Одделението за наплата на приходи, буџет, гаранции и анализи е должно на секои три месеци писмено да ги известува сите Царински испостави за сите активни гаранции кои се во важност.

**Висина на гаранцијата**

Одделението за наплата на приходи, буџет, гаранции и анализи го прифаќа предложениот износ за висината на поединечната гаранција. Царинската испостава кај која поединечната гаранција се поднесува во царинската постапка (откако претходно била прифатена) оценува дали висината на поединечната гаранција е соодветна за започнување на предметната царинска постапка.

*УСЦЗ член 447(2)* Одделението за наплата на приходи, буџет, гаранции и анализи го прифаќа предложениот износ за висината на општата гаранција.

Доколку се поднесе банкарска гаранција со која подносителот бара преземање на претходно обезбеден царински долг, ДДВ и акцизи во износ кој го надминува предложениот износ на банкарската гаранција, Одделението за наплата на приходи, буџет, гаранции и анализи ја прифаќа банкарската гаранција и истовремено го известува подносителот дека предложениот износ не е довелен за обезбедување на долгот и дека е оневозможено понатамошно користење на предметната гаранција за ставење на стоката во соодветна постапка.

*ЦЗ член 207 (2)* Во случаите на општа гаранција за царински долг чиј износ варира во текот на времето, предложениот износ на банкарската гаранција треба да е доволен за обезбедување на предметниот царински долг, ДДВ и акцизи во секое време.

*УСЦЗ член 449(1)* Висината на износот на општата гаранцијата мора да го обезбедува плаќањето на износот на долгот кој настанал или кој можел да настане во целост.

Одделението за наплата на приходи, буџет, гаранции и анализи и Службите за надзор на иматели на одобренија (во однос на одобренијата кои се во нивна надлежност) редовно го следат искористувањето на износот на општата гаранција и по потреба иницираат негово преиспитување.

Во случаите кога при проверките на искористување на општата гаранција се утврди дека гаранцијата е искористена повеќе од 95% потребно е да се достави писмено известување до должникот дека тековното искористувањето на гаранцијата е блиску до одобрениот износ и дека во случај на пречекорување на износот ќе биде оневозможено понатамошно користење на предметната гаранција за ставање на стоката во соодветна царинска постапка. Известувања од ваков вид испраќаат Одделението за наплата на приходи, буџет, гаранции и анализи и Службите за надзор на имателите на одобренија најчесто еднаш месечно без оглед на бројот на извршени проверки.

Во случаите кога Одделението за наплата на приходи, буџет, гаранции и анализи и/или Службите за надзор на иматели на одобренија при проверките на искористување на општата гаранција утврдат дека одобрениот износ е пречекорен потребно е да ги известат царинските испостави и царинскиот должник дека користењето на предметната гаранција повеќе не е можно поради тоа што износот кој со истата се обезбедува веќе е искористен, а понатамошна употреба на гаранцијата ќе биде овозможено откако состојбата со пречекорениот износ на гаранцијата ќе биде регулирана.

**Намалување на висината на гаранцијата**

*УСЦЗ член 449(2)*

На барање на странката во случаи на постапка на царинско складирање или на увоз за облагородување со систем на одложено плаќање царинскиот орган царинскиот орган може да одобри висина на општата гаранција на износ кој не надминува 50% од висината на долгот кој би можел да настане.

Барањето за намалување на износот на банкарската гаранција, дадено во Прилог Б од ова Упатство во случаите кога се бара висината на општата гаранција да обезбедува 50% од висината на долгот кој би можел да настане го прифаќа Одделението за наплата на приходи, буџет, гаранции и анализи.

Со барањето подносителот изјавува дека:

а) не е царински должник за настанат вкупен долг во период од една година во висина која надминува 10.000 евра во денарска противвредност, поради:
- пуштање на стока во слободен промет или ставање на стока во постапка на привремен увоз со делумно ослободување од увозни давачки како резултат на доставување на неточни податоци или недоставување на потребни податоци во смисла на член 216 од Царинскиот закон или
- настанување на царински долг во смисла на членовите 217, 218 или 219 од Царинскиот закон;

б) не му е изречена прекршочна санкција во висина која надминува 10.000 евра во денарска противвредност со правосилна и извршна пресуда за сторен царински прекршок или прекршоци, ниту има сторено кривично дело од областа на царинското работење;

в) во текот на една година нема поднесено царински декларации врз основа на кои има дополнителна пресметка на долг или царински прекршоци чиј број надминува 2 проценти од вкупниот број на декларации;

По прифаќањето на Барањето за намалување на износот на банкарската гаранција дадено во Прилог Б од ова Упатство со кое се обезбедува 50% од висината на долгот Одделението за наплата на приходи, буџет, гаранции и анализи, еден примерок доставува до Секторот за контрола и истраги за дополнителни проверки на доставените изјави.

Кога се бара висината на општата гаранција да обезбедува помалку од 50% од висината на долгот кој би можел да настане, одлука донесува директорот на Царинската управа врз основа на предлог на Комисија за оценување на критериумите за висината на износот на општата гаранција за обезбедувње на долг во постапката на царинско складирање или на увоз за облагородување со систем на одложено плаќање, заснован на

Барањето за намалување на износот на банкарската гаранција, дадено во Прилог Б од ова Упатство кон кое е приложен дополнителниот Прилог Б1 - Барање височината на општата гаранција да обезбедува помалку од 50% од височината на царинскиот долг кој би можел да настане. Во овој случај барањето се доставува преку Службата за надзор на имателите на одобренија.

Со барањето подносителот дополнително докажува дека ги исполнува следниве критериуми:

а) да е доверлив и финансиски стабилен;
б) уредно да ги исполнува обрските и
в) да ги води сите пропишани евиденции кои даваат можност за непречена контрола.

Кон дополнителниот прилог Б1 се приложуваат и потребните докази, листи, потврди и слично со кои се докажуваат и/или образложуваат наводите во прилогот.

Начинот на кој се оценува дали се исполнети критериумите потребни за прифаќање на барање за намалување на висината на износот на општата гаранција е пропишан со посебно Упатство

Сите прифатените или одобрени намалувања на износот на банкарски гаранции, ги евидентира Одделението за наплата на приходи, буџет, гаранции и анализи и има обврска за истото по секоја промена по е-маил да ги известува сите шефови на царински испостави и на службите за надзор на иматели на одобренија (СНИО), Секторот за ИКТ и Одделението за царински и даночни постапки.г

**Употреба на гаранцијата**

Царинскиот должник го поднесува одобреното барање на прифатената гаранција кај царинската испостава во која ја започнува предметната царинска постапка.

*УСЦЗ член 448 (3)* Царинскиот должник во постапка се повикува на гаранцијата од следниот работен ден од денот кога е прифатена гаранцијата како соодветна.

Гаранцијата која е прифатена од царинскиот орган важи на целото царинско подрачје на Република Македонија. Царинските испостави ги добиваат информациите за сите активни гаранции кои се во важност од Одделението за наплата и буџет.

Стоката не може да се стави во царинска постапка за која се бара гаранција (види точка Д-1-1-1 од ова Упатство) доколку долгот кој настанал или би можел да настане не обезбеден со гаранција.

**Прилог Б**

**ПОДНОСИТЕЛ НА БАРАЊЕТО**

____________________________

____________________________

**До:**
Царинска Управа на
Република Македонија

**ПРЕДМЕТ: Барање за намалување на износот на банкарска гаранција**

| | |
|---|---|
| **1.** | **Назив и адреса на подносителот на барањето**<br>[ ]<br>(*Даночен број на подносителот на барањето*) |
| **2.** | **Износ, рок на важност и рок на наплата на гаранцијата**<br>[ ]<br>(*Денарски износ на гаранцијата*)<br>[ ] (*Евидентен број на гаранција*) [ ] (*Број на банкарска гаранција*) [ ] (*Банка-гарант*) |
| **3.** | **Се бара намалување на износот на гаранцијата:**<br>**а) ☐ 50%  б) ☐ 30 %  ☐ 10 %  ☐ без ограничување (*Прилог Б1*)** |
| **4.** | Подносителот на барањето изјавува дека:<br>а) не е царински должник за настанат вкупен долг во период од една година во висина која надминува 10.000 евра во денарска противвредност, поради:<br>- пуштање на стока во слободен промет или ставање на стока во постапка на привремен увоз со делумно ослободување од увозни давачки како резултат на доставување на неточни податоци или недоставување на потребни податоци во смисла на член 216 од Царинскиот закон или<br>- настанување на царински долг во смисла на членовите 217, 218 или 219 од Царинскиот закон;<br>б) не му е изречена прекршочна санкција во висина која надминува 10.000 евра во денарска противвредност со правосилна и извршна пресуда за сторен царински прекршок или прекршоци, ниту има сторено кривично дело од обласла на царинското работење;<br>в) во текот на една година нема поднесено царински декларации врз основа на кои има дополнителна пресметка на долг или царински прекршоци чиј број надминува 2 проценти од вкупниот број на декларации; |

Подносител на барањето

__________________________________
*име презиме и потпис на одговорно лице)*

(М.П)

*Пополнува Царинската управа:*

*Согласно член 449 од Уредбата за спроведување на царинскиот закон Царинската управа на Република Македонија го разгледа поднесеното барање реши дека*

Барањето за намалување на износот на банкарската гаранција со кое се овозможува гаранцијата да обезбедува ____ % од висината на долгот кој би можел да настане се прифаќа и со предметната банкарска гаранција се обезбедува износ од [ ]

**Број:** **Датум:**

(М.П) **Потпис:**

***Барањето се изготвува и пополнува во два примерока еден за странката и еден за ЦУ)***

**Дополнителен Прилог Б 1**

**ПОДНОСИТЕЛ НА БАРАЊЕТО**

___________________________

___________________________

Датум:

**ПРЕДМЕТ:** Барање висината на општата гаранција да обезбедува помалку од 50% од висината на царинскиот долг кој би можел да настане

| | |
|---|---|
| А. | Изјавувам дека имам искуство во царинските постапки повеќе од:<br><br> две години,  три години, при што во период од:<br><br> две години,  три години,<br><br>континуирано ги исполнувам условите од 449 став 2 од Уредбата за спроведување на Царинскиот закон ("Службен весник на Република Македонија" број 66/2005, 73/2006 и 40/2007 година), наведени во точка 4 од Барањето за намалување на износот на банкарската гаранција (Прилог Б) |
| Б. | Изјавувам дека нашето друштво е доверливо и финансиски стабилно и доставувам: |
| 1. | Листа на сопствениците со најмалку 10% учество во запишаниот капитал, на одговорните лица, на членовите на органите на управување и на членовите на органи на надзор или вкупно ______ лица.<br> не  да – Прилог бр.___ |
| 2. | Изјави од сите лица наведени во Прилогот кон точка бр.1 од ова Барање дадени под материјална и кривична одговорност дека тие или членовите на нивните семејства не биле сопственици на правно лице, односно одговорни лица, членови на органи на управување или членови на органи на надзор на правно лице над кое е поведена стечајна, односно ликвидациона постапка, односно не се сопственици на правно лице, односно одговорни лица, членови на органите на управување или членови на орган на надзор на правно лице кое има неплатени јавни давачки.<br> не  да – вкупно ____ изјави – Прилог бр.___ |
| 3. | Позитивно мислење од независен надворешен ревизор за финансиските извештаи на друштвото<br> не  да – Прилог бр.___ |

| | |
|---|---|
| 4. | Финансиски извештаи ревидирани од независен надворешен ревизор со кои е потврдено дека друштвото работи со добивка<br><br>☐ не ☐ да – Прилог бр.___ |
| 5. | Финансиски извештаи ревидирани од независен надворешен ревизор со кои е потврдено дека вкупниот капитал на друштвото е поголем од еден милион евра во денарска противвредност<br><br>☐ не ☐ да – Прилог бр.___ |
| В. | Изјавувам дека нашето друштво уредно ги исполнува обврските и доставувам: |
| 1. | Изјава дадена под материјална и кривична одговорност дека правното лице нема неплатен царински долг и други јавни давачки (ДДВ, акциза, персонален данок од доход, данок на добивка, данок на имот и данок на промет со недвижности и права и други даноци пропишани со закон, придонеси за пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и осигурување во случај на невработеност)<br><br>☐ не ☐ да – Прилог бр.___ |
| 2. | Други докази кои не се задолжителни но може позитивно да се ценат при одлучувањето<br><br>☐ Увоз за облагородување исклучиво со лон работа – Прилог бр.___,<br>☐ Царинско складирање на стоки со помал ризик – Прилог бр.___,<br>☐ Поседување на важечки ИСО стандарди – Прилог бр.___.<br>☐ ____________________________________ - Прилог бр.___. |
| Г. | Изјавувам дека нашето друштво ги води сите пропишани евиденции и истите даваат можност за непречена контрола и доставувам: |
| 1. | Внатрешна пишана процедура за следење на задолженоста на гаранцијата и опис на системот на внатрешна контрола за да не се поднесе царинска декларација за ставање на стоката во постапка за која не е обезбеден соодветен износ на банкарската гаранција<br><br>☐ не ☐ да – Прилог бр.___ |

Подносител на барањето

______________________________

*име презиме и*
*потпис на одговорно лице*

(М.П)

*(Барањето се поднесува во два примерока)*

**Упатство за пополнување и изготвување на**

Барањето висината на општата гаранција да обезбедува помалку од 50% од висината на царинскиот долг кој би можел да настане

1. Во зависност од видот на друштовото, во листата која се изготвува согласно рубрика Б точка 1 се наведуваат сите можни категории на лица а) сопственици со најмалку 10% учество во запишаниот капитал, б) одговорни лица, в) членови на органи на управување, г) членови на органи на надзор. За овие лица се наведува: Презиме, татково име, име, како и единствен матичен број.

2. Примерок на изјава која се изготвува согласно рубрика Б точка 2 е дадена во прилог на ова упатство.

3. Примерок на изјава која се изготвува согласно рубрика В точка 1 е дадена во прилог на ова упатство.

4. Внатрешна пишана процедура за следење на задолженоста на гаранцијата согласно рубрика Г точка 1 претставува соодветен акт на друштвото со кој се предвидува контрола и следење на задолженоста на гаранцијата придружен со опис и примерок од инструментот со кој се врши следењето (на пример примерок од извештаите со следење на задолженоста кои се изготвуваат во електронскиот систем на друштвото. Со описот на системот на внатрешна контрола за да не се поднесе царинска декларација за ставање на стоката во постапка за која не е обезбеден соодветен износ на банкарската гаранција се опишува организацинота структура за оваа внатрешна контрола, се идентификуваат лицата задолжени за оваа контрола, се опишува начинот и моментите во кои се врши оваа контрола и се опишува начинот на евидентрирање дека контролата била вршена со цел дополнително да може да се конролира дали вакви контроли биле вршени пред стоките да бидат ставени во постапка.

5. Во случаите кога се бара 30% обезбедување, односно гаранција на царински долг кој би можел да настане:
   - Во рубриката А. Потребно е да се има искуство во царинските постапки повеќе од две години, при што во период од две години континуирано да се исполнети потребните услови;
   - доставувањето на листата и изјавите согласно рубрика Б точка 1 и 2 е задолжително;
   - доставувањето на изјавата согласно рубриката В точка 1 е задолжително.

6. Во случаите кога се бара 10% обезбедување, односно гаранција на царински долг кој би можел да настане:
   - Во рубриката А. Потребно е да се има искуство во царинските постапки повеќе од три години, при што во период од три години континуирано да се исполнети потребните услови;
   - доставувањето на листата и изјавите согласно рубрика Б точка 1 и 2 е задолжително;

- доставувањето на изјавата согласно рубриката В точка 1 е задолжително;
- доставувањето на Прилогот согласно рубрика Г точка 1 е задолжително.

7. Во случаите кога се бара изземање од обезбедување, односно гаранција на царински долг кој би можел да настане:
   - Во рубриката А. Потребно е да се има искуство во царинските постапки повеќе од три години, при што во период од три години континуирано да се исполнети потребните услови;
   - доставувањето на листата и изјавите согласно рубрика Б точка 1 и 2, како и на мислењата и извештаите согласно рубрика Б точка 3, 4 и 5 е задолжително;
   - доставувањето на изјавата согласно рубриката В точка 1 е задолжително;
   - доставувањето на Прилогот согласно рубрика Г точка 1 е задолжително.

**ИЗЈАВА од**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Презиме | |
| 2. | Татково име | |
| 3. | Име | |
| 4. | Единствен матичен број | |
| 5. | Адреса на постојано место на живеење | |
| 6. |  сопственик со најмалку 10% учество во запишаниот капитал,<br> одговорни лица,(функција)<br> член на орган на управување,(кој)<br> член на орган на надзор. | |
| 7. | Изјавувам под материјална и кривична одговорност дека ниту јас, ниту членовите на моето семејство[1] со кои живеам заедно не сме биле ниту сопственици на правно лице, ниту одговорни лица, ниту членови на органи на управување, ниту членови на органи на надзор на правно лице над кое е поведена стечајна, односно ликвидациона постапка, односно не сме сопственици на правно лице, не сме одговорни лица, не сме членови на органите на управување и не сме членови на органи на надзор на правно лице кое има неплатени јавни давачки. (царина, ДДВ, акциза, персонален данок од доход, данок на добивка, данок на имот, данок на промет со недвижности и права, други даноци пропишани со закон, придонесите за пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и осигурување во случај на невработеност. | |
| 8. | Други забелешки | |

**Место: ____________________**

**Датум: ____________________**

______________________________

ИМЕ И ПРЕЗИМЕ
ПОТПИС

[1] Како членови на семејство се сметаат: маж, жена, родители, деца, браќа и сестри

**ИЗЈАВА од**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Назив на друштвото | |
| 2. | Адреса | |
| 3. | Даночен број | |
| | Одговорно лице | |
| 4. | Функција | |
| 5. | Презиме | |
| 6. | Татково име | |
| 7. | Име | |
| 8. | Единствен матичен број | |
| 9. | Адреса на постојано место на живеење | |
| 10. | Изјавувам под материјална и кривична одговорност дека правното лице во кое јас сум одговорно лице нема неплатен царински долг и други јавни давачки (ДДВ, акциза, персонален данок од доход, данок на добивка, данок на имот и данок на промет со недвижности и права и други даноци пропишани со закон, придонеси за пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и осигурување во случај на невработеност) | |
| 11. | Други забелешки | |

**Место:** ____________________

**Датум:** ____________________

____________________________

ИМЕ И ПРЕЗИМЕ
ПОТПИС